РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:**
**Друштво за новинско издавачка дејност – Новинска агенција "Макфакс"**
**ул. "11 Октомври", бр.33 а,**
**1000 Скопје**
**e-mail:** makfax@makfax.com.mk

**Бр. 12-1969/2**

**Скопје 25.04.2019г.**

**Застапник / полномошник на барателот на информацијата:**

**Васко Маглешов**
**e-mail:** vaskomo3@yahoo.com
**Тел. 070/308-653**

**Мери Јордановска**
**e-mail:** m_jordanovska@yahoo.com
**Тел. 071/386-166**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 03.04.2019 година, заверено со наш бр.12-1969/1 од 03.04.2019 година, со кое барате информација, *"вкупен износ од аналитички картици за исплатени средства за ангажирање адвокатски и правни услуги (поединечно по години) за временскиот период од 01.01.2014 до 31.12.2018 година", "листа на ангажирани адвокати за спментиот период, називот на услугата, временскиот период на кој се однесува ангажманот и исплатените средства за секој адвокат поединечно"*, и *"податоци за тоа за кои од ангажираните адвокати, услугата е нарачана преку Бирото за јавни набавки, а за кои со дирекно преговарање"*, Ве известуваме за следното:

Во 2014-та, во 2015-та и во 2016-та година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не користела адвокатски и правни услуги.

Агенцијата користи адвокатски услуги од 2017-та година, од адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје.

Согласно член 8 став 1 алинеја 6 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18), Законот за јавните набавки не се применува при доделувањето на договори за јавни набавки на услуги кои се адвокатски услуги.

Првиот Договор, со адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје, е склучен на 13.06.2017 година, за временски период од 15.06.2017 година, до 31.12.2017 година.

Договорот за 2018 година, со адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје, е склучен за временски период од 01.01.2018 година, до 31.12.2018 година.

Предмет на договорите со адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје, се адвокатски услуги што се состојат од давање на правна помош и правни мислења, правни совети, консултации, толкување на прописи, изработка на правни анализи и правна помош по предмети пред надлежните судови.

Во адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје, има 7 (седум) вработени лица, од кои што 6 (шест) лица имаат положен правосуден испит, односно 3 (тројца) се регистрирани како адвокати во Адвокатската комора на Република Северна Македонија, а 3 (тројца) се адвокатски стручни соработници. Едно лице (без положен правосуден испит) е адвокатски приправник.

За извршените услуги од адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје, до Агенцијата месечно доставуваат извештај со детална листа на извршени услуги.

Во 2017-та година на име адвокатски услуги на адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје и се исплатени 162.424,00 денари.

Во 2018-та година на име адвокатски услуги на адвокатската канцеларија „ЗЛАТКО КОЛЕВСКИ" од Скопје и се исплатени 350.394,00 денари.

Со почит,

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

**Имател на информација**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**